**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА ОХРИД**

| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д**<br>**11.02.2022 год.**<br>**БРОЈ 2 ГОДИНА 57** |

**С О Д Р Ж И Н А**

| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за верификација на мандат на член во Советот на општина Охрид | **2** |
| **2.** | Решение за избор на член во Комисијата за јавни и комунални дејности | **3** |
| **3.** | Решение за избор на член во Комисијата за финансии и буџет | **4** |
| **4.** | Решение за избор на член во статутарно - правна комисија | **5** |
| **5.** | Оперативна програма за организирање и функционирање на службата за зимско одржување на патишта и улици на подрачјето на општина Охрид за период март 2022 – март 2023 година | **6** |
| **6.** | Одлука за донесување правилник за субвенционирање на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид | **15** |
| **7.** | Одлука за остварување на субвенции во линискиот превоз на патници, кој заеднички го организираат општина Охрид и општина Дебарца | **30** |
| **8.** | Одлука за давање согласност на одлуката за изменување и дополнување на одлуката бр.02-267/2 од 05.11.2015 и 02-135/5 од 24.03.2016 година за утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски пазар Охрид | **32** |
| **9.** | Јавна објава | **33** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН ВО СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за верификација на мандат на член во Советот на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.02.2022 година.

**Број 09- 1332/11**
**10.02.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ бр.5/02), член 18, 19 и 20 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 14/19 и 15/20) и член 8 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.16/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.02.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН ВО СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

1. Се верификува мандатот на членот во Советот на општина Охрид **ЛЕОНА КИЧЕЕЦ.**

2. Мандатот на именуваната ќе трае до завршувањето на мандатот на Советот на општина Охрид.

**Број 08- 1332/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.02.2022 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН ВО КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНИ И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** решението за избор на член во Комисијата за јавни и комунални дејности, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.02.2022 година.

**Број 09- 1332/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.02.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 40, 42 и 52 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и член 100, 101, 102, 103 и 104 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.16/2014), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.02.2022 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН ВО КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНИ И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ**

1. За член во **КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНИ И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** се избира: **ЛЕОНА КИЧЕЕЦ.**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 1332/4**
**10.02.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН ВО КОМИСИЈАТА ЗА ФИНАНСИИ И БУЏЕТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Решението за избор на член во Комисијата за финансии и буџет, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.02.2022 година.

**Број 09- 1332/13**
**10.02.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 40, 42 и 52 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и член 100, 101, 102, 103 и 104 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.16/2014), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.02.2022 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН ВО КОМИСИЈАТА ЗА ФИНАНСИИ И БУЏЕТ**

1. За член во **КОМИСИЈАТА ЗА ФИНАНСИИ И БУЏЕТ** се избира**:** **ЛЕОНА КИЧЕЕЦ.**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 1332/5**
**10.02.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН ВО СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Решението за избор на член во статутарно - правна комисија, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.02.2022 година.

**Број 09- 1332/14**
**10.02.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 40, 42 и 52 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20) и член 100, 101, 102, 103 и 104 од Деловникот за работа на Советот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.16/2014), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.02.2022 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН ВО СТАТУТАРНО – ПРАВНА КОМИСИЈА**

1. За член во **СТАТУТАРНО – ПРАВНА КОМИСИЈА** се избира**:** **ЛЕОНА КИЧЕЕЦ.**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 1332/6**
**10.02.2022 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СЛУЖБАТА ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД МАРТ 2022 – МАРТ 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** оперативната Програма за организирање и функционирање на службата за зимско одржување на патишта и улици на подрачјето на општина Охрид за период март 2022 – март 2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.02.2022 година.

**Број 09- 1332/15**
**10.02.2022 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.02.2022 година, ја донесе следната:

**ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СЛУЖБАТА ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД МАРТ 2022-МАРТ 2023 ГОДИНА**

1. **Вовед**

Предлог **Оперативната Програма** за одржување и функционирање на служба за зимско одржување на патишта и улици на подрачјето на Општина Охрид, е изработена соогласно потребите на граѓаните на Општина Охрид за одвивањена непречен и безбеден сообраќај како и врз основа на надлежностите на Општина Охрид а соогласно законските прописи и тоа Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, (Сл. Весник на РМ бр. 169/15) Законот за патишта (Сл. Весник на РМ бр. 84/2008) како и подзаконските акти.

Одржувањето на коловозните површини и нивното оспособување за нормален сообраќај во зимски услови, претставува важна потреба на граѓаните и стопанството, бидејќи се можни нарушувања и прекин на нормалното одржување на сообраќајот во градот и населените места, особено при изненадувањето од временските услови, а посебно важно е соодветно извршена подготовка на надлежните субјекти како и редовно пратење на метеоролошките услови на интернет сајтовите со цел навремено почнување на активностите за чистење на снегот.

За целосно спроведување на Оперативната Програма за одржување и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Охрид, покрај горенапишаните подготовки треба да се обезбеди добра соработка со СВР- Охрид и Секцијата на Македонија пат- Охрид со цел заеднnички да се одговори на потребите во дадени услови.

Исто така граѓаните и другите правни лица мора да го почитуваат комуналниот ред односно да ги чистат тротоарите и коловозите пред своите куќи односно деловни објекти, како и со своите возила да не го попречуваат движењето на сообраќајот во овој случај движењето на специјалните возила за чистење на снег. Само со меѓусебна координација и навремено извршување на своите задачи на сите погоре спомнати субјекти ќе се постигне ефект во отстранувањето на снегот од коловозите и тротоарите , а со тоа и нормално одвивање на сообраќајот во зимски услови.

## 2. Цел на програмата

**Оперативната Програма** за одржување и функционирање на службата за зимско одржување на патишта и улици на подрачјето на Општина Охрид, приградските и селските населби, има за цел да предвиди ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Охрид опфатено со основниот Урбанистички план како и на целата територија на Општина Охрид и тоа преку одредување на обемот на работата и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини, дефинирање на работите и задолженија на носителите за реализација на програмата и дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на програмата.

Тргнувајќи од основната цел на **Оперативната Програма** за одржување и функционирање на служба за зимско одржување на патишта и улици на подрачјето на Општина Охрид, физичкиот обем на работите е утврден согласно приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот. Приоритет при чистење на снегот и голомразицата им се дава на улиците по кои се одвива градскиот додека одржувањето на меѓуградскиот сообраќај односно магистралните и регионални патишта како и улиците кои се трансферзала на истите се обврска на Секцијата на Македонија Пат - Охрид. Утврдувањето на приоритетните улици по

категории го утврдува Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици при Општина Охрид.

***<u>Преглед на улици предвидени во Предлог Оперативна Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид, приградските и селските населби во 2022 година:</u>***

| | ***1-ва група на улици*** | |
|---|---|---|
| 1 | ул. Јане Сандански | |
| 2 | ул. Питу Гули | |
| 3 | ул. 7-ми Ноември | |
| 4 | ул. Македонски Просветители | |
| 5 | ул. Партизанска | |
| 6 | ул. Димитар Влахов | |
| 7 | ул. Абас Емин | |
| 8 | ул. Кирил и Методиј | |
| 9 | ул. Илинденска | |
| 10 | ул. Гоце Делчев | |
| 11 | ул. Марко Цепенков ( од кружна крстосница кај болница до кружна крстосница со Момчило Јорданоски) | |
| 12 | ул. Момчило Јорданоски ( од кружна крстосница до населба Гоце Делчев) | |
| 13 | ул.Сирма Војвода | |
| 14 | ул. Кузман Јосифоски | |
| 15 | ул. Марко Несторoски | |
| 16 | ул. Коста Абраш | |
| 17 | ул. Самоилова | |
| 18 | ул. Асном | |
| 19 | Кеј Македонија | |
| | ***<u>2-ра група на Улици:</u>*** | |
| 1 | ул. Стив Наумов | |
| 2 | ул. Даме Груев | |
| 3 | ул. Карпош Војвода | |
| 4. | ул. Марко Цепенков ( од кружна крстосница до Стобекс) | |
| 5 | ул. Ристо Чадо ( од Здружение на возачи до Стобекс) | |
| 6 | ул. 1-ва Македонска Ударна Бригада ( од ул.Питу Гули до Стобекс) | |
| 7 | ул. Живко Чинго ( од ул.15-ти Корпус до ОУ Живко Чинго) | |
| | ***<u>3-та група на Улици:</u>*** | |
| 1 | ул. Стив Наумов ( од Булевар Туристичка до ул.8-ми Март) | |
| 2 | ул. 8-ми Март (од ул.Железничка до ул.Стив Наумов) | |
| 3 | ул.Распаќе | |
| 4 | ул. Галичица | |
| 5 | ул. Ванчо Николески | |
| 6 | ул. Карпош Војвода | |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | ул. Момчило Јорданоски ( од ул.Марко Цепенков до ул.1-ва Макед.Ударна Бригада) | |
| 8 | ул. Егејска | |
| 9 | ул. Ариф Мустафа | |
| 10 | ул.„ Ванчо Питошески | |
| 11 | ул. Бистрица | |
| 12 | Улици во населба Радојца Новичиќ | |
| | ***4-та група на Улици:*** | |
| 1 | ул. 8-ми Септември | |
| 2 | ул. Лазо Трпоски | |
| 3 | ул.Никола Карев | |
| 4 | ул. Кузман Капидан | |
| 5 | ул. Беќир Али Риза | |
| 6 | ул. Крали Марко | |
| 7 | ул.„ Никола Петров Русински | |
| 8 | ул.„ Васил Стефоски | |
| 9 | ул. Дејан Војвода | |
| 10 | комплекс згради нас.Христо Узунов | |
| 11 | ул.„ Богомилска | |
| 12 | ул.Васил Главинов | |
| 13 | ул. Ѓорче Петров | |
| 14 | ул. Вангел Николоски | |
| 15 | ул. Трајче Дојчиноски | |
| 16 | ул. 1-ви Мај | |
| 17 | ул. Александар Гушо | |
| 18 | ул. Мирче Ацев | |
| 19 | Улици во населба Железничка | |
| | ***Приградски и селски населби:*** | |
| | ***Машинско и рачно чистење на локалните патишта до сите населени места во Општина Охрид*** | |

| **Приградски и селски населби:** | | |
|---|---|---|
| **Дел 1** | **Дел2** | **Дел3** |

| | | |
|---|---|---|
| - с.Елшани<br>- с.Коњско<br>- Населба Исток<br>- Населба Рача<br>- с.Велестово<br>- с.Рамне | - с.Лескоец<br>- с.Скребатно<br>- с.Косел<br>- с.Завој<br>- с.Вапила<br>- с.Ливоишта<br>- с.Куратица<br>- с.Плаќе<br>- с.Свиништа<br>- с.Речица | - с.Д.Лакочереј<br>- с.Г.Лакочереј<br>- с.Орман<br>- с.Подмоље |

Во зависност од потребите и условите на теренот, а по однапред добиен налог и согласност од страна на Секторот за комунален развој, сообраќај и улици при Општина Охрид ќе се врши **зимско одржување** на пристапните патишта.

За успешно реализирање на Оперативната Програма за зимско одржување во зависност од потребите Општина Охрид ќе се користат опремата и сретствата на ЈП Охридски Комуналец од Охрид со помош согласно потребите и од другите јавни претпријатија а за поуспешна реализација ќе се користи опрема и средства од други правни лица со кои ќе склучи соодветни договори преку распишување на Јавен Повик, кој се однесува на **Услуги од механизација на зимско одржување и рачно чистење на снег, одрони од камења и земја, чистење на банкини од тревнати површини и дрва покрај патот,** кој ќе се реализира преку формирање на 4 (четири) пакети.

| **Прв пакет** | **Втор Пакет** | **Трет Пакет** | **Четврти Пакет** |
|---|---|---|---|
| **Патни правци:**<br>Охрид – Д.Лакочереј – Г.Лакочереј<br>ул.„Радојца Новичиќ“<br>ул.„Српница“<br>ул.„130“<br>ул.„Петрино“<br>ул. "Кленоец"<br>Охрид-с.Орман-с.Д.Лакочереј<br>ул."Прилепска"<br>ул."Винковачка"<br>ул."Будва"<br><br>**сите мали улици опфатени во територијата со овие улици** | **Патни правци:**<br>ул.„8-ми Март“<br>ул.„Јабланица“<br>ул.„Стив Наумов“<br>ул."Крале Марко"<br>ул."Дејан Војвода"<br>ул."Бистрица"<br>ул."Ариф Мустафа"<br>ул."Аџи Мустафа"<br>ул.Никола П.Русински<br><br>**сите мали улици опфатени во територијата со овие улици** | **Патни правци:**<br>Охрид – с.Рамне;<br>Охрид – с.Велестово;<br>Регионален пат 501 – Рача;<br>Регионален пат 501 – с.Коњско;<br>Регионален пат 501 – с.Елшани;<br>Регионален пат 501 – нас. Исток;<br>Регионален пат 501 – нас. Св.Стефан.<br><br>**сите мали улици опфатени во територијата со овие улици** | **Патни правци:**<br>Прентов Мост – Куратица<br>Приклучок од А3 – с.Свиништа – с.Речица – с.Плаќе<br>с.Косел – с.Вапила – с.Ливоишта – с.Расино – с.Сирула<br>Приклучок од А3-с.Опеница<br><br>**сите мали улици опфатени во територијата со овие улици** |

**Останати улици**

Останатите улици кои не се опфатени во погорните категории ќе бидат категоризирани во улици IV-та категорија и ќе се чистат во зависност од реализацијата на Оперативната програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид.

**Улици кои заради специфични местоположби ќе бидат опфатени со рачно посипување**

Одредени улици во Општина Охрид кои заради големите нагорнини не можат да бидат опфатени со оваа Оперативна Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид односно заради неможноста од поминување на специјалните возила за чистење снег, како и улици по кои не се одвива сообраќај, а се од посебна важност ќе се посипуваат рачно или со трактор сеалка.

Овие улици не се категоризирани во ниедна категорија погоре меѓутоа некои од нив заради својата специфичност ќе бидат категоризирани како улици од I-ва и II-ра категорија со посебна важност, тоа се: ул. Св.Климент Охридски; дел од улиците: „Гоце Делчев“, „Даме Груев“, „Кирил и Методиј“; улиците во стариот дел од градот; улиците во населба „Бејбунар“, како и улиците во селата кои гравитираат во Општина Охрид.

Чистењето на снегот од пристапните патеки во парковите и спомен обележјата во градот, како и од дрвјата и зеленилото ќе го врши дежурна екипа на ЈП Охридски Комуналец -РЕ Паркови и Зеленило.

- **Оперативен дел**

Во првата фаза при снежни врнежи, ќе се врши посипување со мешавина од индустриска сол и камена ситнеж. Приоритетот односно динамиката се утврдува во зависност од висината на снежните врнежи, температурата на воздухот и предвидувањата на атмосферски талог односно снежните врнежи. Најпрво ќе се третираат улиците од I-ва категорија, а потоа останатите, доколку во меѓувреме не се утврди друг приоритет заради воспоставување на нормален тек на сообраќајот. За оваа намена ќе се користата трактори со посипувачи како и влечен растурач на сол и ризла(епоха). Ќе напоменеме сека ефектот на индустриската сол и камената ситнеж имаат ефект на температури повисоки од -3С додека за температури пониски од наведената ефектот на ваквите дејствија е многу намален.

Доколку снегот на коловозот е над 10 см се пријдува кон чистење на истиот со возила со снежни плугови, гредери, а доколку се појави потреба се вклучуваат специјални машини како што се утоварувачи и други специјални возила кои користат гумени тркала.

Чистењето на тротоарите на улиците на места каде што нема деловни објекти и индивидуални станбени објекти ќе го врши ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид додека останатите површини по тротоарите и сообраќајниците должни се според комуналниот ред чистењето да го извршуваат физичките лица односно правните субјекти.

- **Начин на извршување**

Пред отпочнување на дејствија на чистење на снегот од коловозите ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид овластено лице за спроведување на Оперативната Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град ќе го извести Секторот за сообраќај при СВР – Охрид за отпочнување на активностите и за потребите на регулирање на сообраќајот во зимски услови. Ова го напоменуваме од причини што ќе има потреба од поминување на специјалните возила како и потреба од поминување на истите со поголема брзина од дозволената со цел поефикасно чистење на снегот. Во вакви случаи потребно е екипите од сообраќајната полиција да воспостави времен режим на сообраќајот односно некои улици да се затворат односно да се пренасочи сообраќајот или да се воспостави сообраќај во еден правец заради поефикасно и побрзо отстранување на снегот од коловозите.

- **Средства, опрема и организациона поставеност**

За извршување на активностите од Оперативната Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид од страна на ЈП Охридски Комуналец ќе се користат следните средства и извршители и тоа:

❖ **Шофери ФАП за Зимско Одржување**

1. Тони Мурџески
2. Аце Младеноски
3. Душко Дузлески
4. Васко Павлески
5. Усеини Ирмик

❖ **Шофери Трактор**

1. Мојсоски Бобан
2. Нически Васил
3. Симоноски Даниел
4. Ангеле Бошкоски

❖ **Машинисти**

1. Целески Илија
2. Тодороски Љупчо
3. Нически Кирил
4. Целески Јордан

❖ **Подигачи**

1. Аземоски Ахмет
2. Неат Рамадан
3. Крстаноски Трајан
4. Семан Денис
5. Зејнел Дејан
6. Рамаданоски Емре

7. Башким Сабри
8. Бимбил Адем

**Возила**

1. **ФАП-ОН 049 AV**
2. **ФАП-ОН 766 BL**
3. **ФАП-Кипер-ОН 229 BU**
4. **ТАМ-Кипер-ОН 553 BU**
5. **Трактор-ОН 067 BD**
6. **Трактор-ОН 943 AK**
7. **Раб.машина Хитачи**
8. **Раб.машина RD 130**

**За организирање на работата на Зимската служба се формира штаб во состав:**

1. Ропчев Тодор 070-781 883
2. Ѓорги Савески 075-397-944
3. Маслов Стефчо 075- 495 342
4. Иванчо Орачев 070223-512
5. Томе Змејкоски 077-862-305
6. Гоце Пуроски 071-577-289
7. Љупчо Танески 078-203-099

За извршувањето на Оперативната Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид овластеното лице за спроведување на оперативната Програма за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на град Охрид ќе биде во постојан контакт со Секторот за комунални дејности сообраќај и улици како и дежурното лице од Секторот за сообраќај при СВР-Охрид.

Општина Охрид за организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Охрид во сезоната 2022 по завршувањето на важечките договори кои ги има склучено со правните субјекти ќе објави нов јавен повик и ке склучи нови Договори со кој ќе се дефинираат правата и обврските на договорените страни како и цените за услугите односно за извршените работи. Притоа по потреба стручните лица од Секторот за комунални дејности сообраќај и улици ќе издаваат работни налози со јасно дефинирани работни задачи што треба изведувачот на работите да ги изврши.

Начинот на извршување на дадените налози од страна на Секторот за комунални дејности сообраќај и улици ќе се договараат со дежурните служби на Секторот за сообраќај при СВР – Охрид.

ЈП „Охриски Комналец“ – Охрид но и други правни субјекти со кои Општина Охрид ќе склучи Договори како изведувачи на работите се должни за текот на изведувањето на работите да води градежен дневник во кој ќе се внесуваат податоци за извршените активности со времето на започнување односно прекинување изразено во работни часови.

Надзор на изведувањето на работата ќе извршуваат стручната служба или лица одредени од Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици при Општина Охрид.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 1332/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**10.02.2022 година** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИОТ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување правилник за субвенционирање на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.02.2022 година.

**Број 09- 1332/16** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.02.2022 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РСМ бр.68/05), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), А0 Програма Совет на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.17/2021 со бр.08-13561/19 од 29.12.2021 год. Конто бр.464990 Други трансфери, Советот на општина Охрид на ден 10.02.2022 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ПРАВИЛНИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИОТ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишуваат основните критериуми и постапка за субвенционирањена општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид, (во натамошниот текст: Правилник).

## ЦЕЛ И ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРОГРАМСКАТА АКТИВНОСТ

**Член 2**

Поврзаноста на руралните со урбаните средини со линиски превоз на патници е клучна инфраструктура и комунална услуга што локалната самоуправа треба да им ја обезбеди на своите граѓани. Мобилноста и подвижноста на граѓаните на територијата на општината е од клучно значење за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, брза и ефикасна пристапност на граѓаните до руралните средини и обратно до урбаните средини, со цел подобрување на животот и функционирањето на граѓаните и Општината .

Следејќи ги светските трендови во услови на економска криза, а поради нормално функционирање на општинскиот линиски превоз на патници Општина Охрид **врши помагање на значајна стопанка дејност** во услови на криза со цел оддржување на линиите за превоз на патници на територијата на општината и избегнување на затворање на овие комопании чија претежна дејност е првоз на патници.

Намалениот обем на патници и линии во голема мера влијае врз рентабилноста и економската оправданост на компаниите кои работат во оваа дејност. Како резултат на тоа постои сериозен ризик од намалување на бројот на линии, намалување на бројот на дневни поаѓања во јавниот превоз со што во прашање би се довело одржување на линиите поради нерентабилност и неекономичност, а со тоа директно да влијаат врз оневозможување на граѓаните да ги користат превозните услуги.

Општинскиот линиск превоз на патници е потребен за развојот на една општина, тој индиректно влијае на потикнување на развојот на целиот приватен сектор потикнување на вработување на нови лица и подобрување на економската состојба.

Програмската активност покрај социјалната и економски развојната димензија се очекува исто така позитивно да влијае и на подобрување на квалитетот на животната средина и намалување на емисијата на штетните гасови во општина Охрид преку стимулирање на граѓаните да го користат постоечкиот јавен превоз.

## ОСНОВНИ ПОИМИ

**Член 3**

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следново значење:

„Барател“ е правно лице регистрирано за вршење на превоз на патници на територија на општина Охрид, кое поседува важечка лиценца за вршење општински линиски превоз на патници во општина Охрид, има Дозвола за вршење на превоз на патници на определена линија и регистриран возен ред за истата, кое поднело барање за

субвенционирање на општински линиски превоз на патници (во натамошниот текст: Барање за субвенционирање).

„Корисник“ е секој барател кој доставил Барање за субвенционирање на линиски превоз на патници во општина Охрид со комплетна документација во прилог и на кого му е одобрено поднесеното барање за користење на субвенција од страна на комисијата.

„Општински линиски превоз на патници“ Општина Охрид го утврдува општинскиот линиски превоз на патници како комунална дејност од јавен интерс на граѓаните на општина Охрид со Одлука на совет за општински линиски превоз на патници како и измени и дополнување на истата.

Согласно Одлуката на совет бр. 09-7951/10 (од 11.06.2015), Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Охрид со бр. 08- 12305/34 од 06.12.2021 иОдлуката за изменување и дополнување на одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Охрид со бр. 08- 653/12 од 31.01.2022 , општината го уредува (организира) општинскиот линиски превоз на патници.

Општинскиот линиски превоз на патници можат да го вршат само превозници кои после добивањето на лиценца за вршење на таков вид на превоз, добиле и дозвола за вршење на општински линиски превоз на определена линија и регистрирале возен ред.

Согласно Одлуката на совет на Општина Охрид за организирање на општински линиски превоз на патници, утврдена е следната мрежа на лини:

1. Охрид – с. Г.Лакочереј – Охрид
2. Охрид – с. Свињишта – с.Куратица – Охрид
3. Охрид – с. Косел – Охрид
4. Охрид – с. Велгошти – Охрид
5. Охрид – с. Ливоишта – Охрид
6. Охрид – с. Елшани – Охрид
7. Охрид – с. Пештани – Охрид
8. Охрид – с. Трпејца – св. Наум – Охрид
9. Градска линија 1
10. Градска линија 2

## ВИСИНА НА СУБВЕНЦИИ

### Член 4

Средствата што општина Охрид ги доделува на фирмите кои го вршат општинскиот линиски превоз на патници се предвидени во А0 Програмата Совет на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.17/2021 со бр. 08 – 13561/19 од 29.12.2021 година Конто бр. 464990 Други трансфери и истите се однесуваат за период од десет месеци со исклучок на месец **јули и август** .

Износот на финансиска поддршка за субвенционирањето на општински линиски превоз на патници ќе се пресметува за секоја линија пооделно, согласно регистрираниот возен ред за истата линија по изминат километар при што износот за субвенцијата ќе изнесува 10 денари по изминат километар ќе се субвенционираат 40% од вкупниот број на тргнувања на линија.

За линиите Охрид – с. Свињишта – с.Куратица – Охрид и линијата Охрид – с. Трпејца – Св. Наум – Охрид, ќе се субвенционираат сите дневни , неделни и месечни поаѓања, додека за сите останати линии се субвенционираат најмногу половина од вкупниот број на месечни поаѓања за определена линија .

Субвенционирањето се врши на месечно ниво, согласно вкупно изминатите километри што превозникот ги изминал според регистрираниот возен ред.

Должината на линијата(во целиот обрт од почетното до крајното стојалиште и обратно), која е предмет на субвенционирање е утврдена во издадените возни редови со кои превозниците го вршат превозот.

Регистрирани возни редови и дозволи за вршење на општински линиски превоз на патници има за следната мрежа на линии:

Прглед на број на поаѓања и километража на линија за секој регистриран возен ред по месеци кој ќе се субвенционира:

***Табела 1: Преглед за месец Јануар 2022 година во кој се 18 работни денови , 5 саботи и 8 недели и државен празник***

| Р.бр. | Назив на линија | Бр. на поаѓања во работни денови во месец Јануар 2022 | Бр. на поаѓања во саботи во месец Јануар 2022 | Бр. на поаѓања во недели и државни празници и во месец Јануар 2022 | Бр. на поаѓања за цел месец | Должина на линија во км | Вк. бр. км по линија за секој возен ред за месец Јануар 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Охрид – с. Г.Лакочереј – Охрид<br>Линија 1/2 | 18x6<br>108 | 5x6<br>30 | 8x6<br>48 | 186 | 21 | 3906 |
| 2. | Охрид – с. Свињишта – с.Куратица – Охрид<br>Линија 2/1 | 18x4<br>72 | 5x4<br>20 | 8x4<br>32 | 124 | 65 | 8060 |
| 3. | Охрид – с. Косел – Охрид<br>Линија 3/1<br>линија 3/2 | 18x1<br>18<br>18 | 5x1<br>5<br>5 | 8x1<br>8<br>8 | 31<br>31 | 20<br>20 | 620<br>620 |
| 4. | Охрид – с. Велгошти – Охрид | 18x7<br>126 | 5x7<br>35 | 8x7<br>56 | 217 | 12.2 | 2647,4 |
| 5. | Охрид – с. Ливоишта – Охрид | 18x3<br>54 | 5x3<br>15 | 8x3<br>24 | 93 | 28.2 | 2623 |
| 6. | Охрид – с. Елшани – Охрид | 18x5<br>90 | 5x5<br>25 | 8x5<br>40 | 155 | 26.6 | 4123 |
| 7. | Охрид – с. Пештани – Охрид<br>Линија 7/1<br>линија 7/2 | 18x2<br>36<br>18x2<br>36 | 5x2<br>10<br>5x2<br>10 | 8x2<br>16<br>8x2<br>16 | 62<br>62 | 29.6<br>29.6 | 1835,2<br>1835,2 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Охрид – с. Трпејца – св. Наум – Охрид | 18x8<br>144 | 5x7<br>35 | 8x7<br>56 | 235 | 62 | 14570 |
| 9. | Градска линија 1 | 18x10<br>180 | 5x10<br>50 | /<br>/ | 230 | 7.8 | 1794 |
| 10. | Градска линија 2 | 18x10<br>180 | 5x10<br>50 | /<br>/ | 230 | 7.8 | 1794 |

***Табела 2: Преглед за месец Февруар 2022 година во кој се 20 работни денови , 5 саботи и 5 недели и државен празник***

| Р.бр. | Назив на линија | Бр. на поаѓања во работни денови во месец Февруар 2022 | Бр. на поаѓања во саботи во месец Февруар 2022 | Бр. на поаѓања во недели и државни празници во месец Февруар 2022 | Бр. на поаѓања за цел месец | Должина на линија во км | Вк. бр. км по линија за секој возен ред за месец Февруар 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Охрид – с. Г.Лакочереј – Охрид<br>Линија 1/2 | 20x6<br>120 | 5x6<br>30 | 5x6<br>30 | 180 | 21 | 3780 |
| 2. | Охрид – с. Свињишта – с.Куратица – Охрид<br>Линија 2/1 | 20x4<br>80 | 5x4<br>20 | 5x4<br>20 | 120 | 65 | 7800 |
| 3. | Охрид – с. Косел – Охрид<br>Линија 3/1<br>линија 3/2 | 20x1<br>20<br>20 | 5x1<br>5<br>5 | 5x1<br>5<br>5 | 30<br>30 | 20<br>20 | 600<br>600 |
| 4. | Охрид – с. Велгошти – Охрид | 20x7<br>140 | 5x7<br>35 | 5x7<br>35 | 210 | 12.2 | 2562 |
| 5. | Охрид – с. Ливоишта – Охрид | 20x3<br>60 | 5x3<br>15 | 5x3<br>15 | 90 | 28.2 | 2538 |
| 6. | Охрид – с. Елшани – Охрид | 20x5<br>100 | 5x5<br>25 | 5x5<br>25 | 150 | 26.6 | 3990 |
| 7. | Охрид – с. Пештани – Охрид<br>Линија 7/1<br>линија 7/2 | 20x2<br>40<br>20x2<br>40 | 5x2<br>10<br>5x2<br>10 | 5x2<br>10<br>5x2<br>10 | 60<br>60 | 29.6<br>29.6 | 1776<br>1776 |
| 8. | Охрид – с. Трпејца – св. Наум – Охрид | 20x8<br>160 | 5x7<br>35 | 5x7<br>35 | 230 | 62 | 14260 |
| 9. | Градска линија 1 | 20x10<br>200 | 5x10<br>50 | /<br>/ | 250 | 7.8 | 1950 |
| 10. | Градска линија 2 | 20x10<br>200 | 5x10<br>50 | /<br>/ | 250 | 7.8 | 1950 |

***Табела 3: Преглед за месец Март 2022 година во кој се 23 работни денови , 4 саботи и 4 недели и државен празник***

